Градоначалникот на Град Скопје, врз основа на член 205 од Законот за општа управна постапка (“Службен весник на Република Македонија“ бр.38/05, 110/08, 118/08 и 51/2011 год.) како и член 123 и 138 став 8 и 9, а во врска со членовите 126 и 127 ставови 2,3 и 5 од Законот за животна средина (“Службен весник на Република Македонија“, бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/2014 год.), по Известувањето за исполнување на обврските од оперативниот план согласно Дозволата за усогласување со оперативен план бр.12/08-1654/5 од 29.05.2012 година и Програмата за подобрување бр.17-1275/1 од 20.02.2014 година на РЖ “ИНСТИТУТ“ АД-Скопје, Завод за железо – Одделение за производство на индустриска вар, донесе

# РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ИЗДАВА** Б-Интегрирана еколошка дозвола на инсталацијата РЖ “ИНСТИТУТ“ АД – Скопје, Завод за железо – Одделение за производство на индустриска вар

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Градоначалникот на Град Скопје на ден 29.05.2012 година донесе решение за издавање Дозвола за усогласување со оперативен план бр.12/08-1654/5 на инсталацијата РЖ "ИНСТИТУТ" АД – Скопје, Завод за железо – Одделение за производство на индустриска вар. Согласно обврските во издадената Дозвола, Операторот вршеше мониторинг на загадувачките материи во воздухот и водата како и на интензитетот на бучавата и редовно ги доставуваше (на секои шест месеци) извештаите од еколошките мерења. Секторот за заштита на животната средина и природата испрати известување до операторот на инсталацијата за доставување на потребните документи за премин на Дозволата за усогласување со оперативен план во Б-интегрирана еколошка дозвола со архивски број 17-38/14 од 12.02.2014 година. Операторот на инсталацијата РЖ "ИНСТИТУТ" АД – Скопје, Завод за железо – Одделение за производство на индустриска вар ги достави потребните документи на ден 20.02.2014 година со архивски број 17-1275/1. Од извештаите за извршените еколошки мерења Секторот за заштита на животната средина и природата утврди дека влијанието на инсталацијата врз животната средина е во рамките на пропишаните граници и вредности и дека согласно член 138 од Законот за животна средина операторот го има реализирано оперативниот план во утврдениот рок.

По завршување на постапката, согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за животна средина, Градоначалникот на Град Скопје одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО** : Согласно член 126 став 2 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија", бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/2014 год.), против ова Решение може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението. Жалбата подлежи на административна такса во износ од 200,00 денари.

Решено во Град Скопје, Градоначалник на Град Скопје, на _______________ Под број _______________

Доставено до:
- Архива
- РЖ "ИНСТИТУТ" АД – Скопје, Завод за железо – Одделение за производство на индустриска вар
- Сектор Инспекторат на Град Скопје

**Градоначалник на Град Скопје**
**Коце Трајановски**